**СООПШТЕНИЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ЛЕТЕН СЕМЕСТАР (ПРВА ГОДИНА) ВО УЧЕБНАТА 2017/2018 (НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - IKnow)**

Запишувањето ќе се врши во периодот од:

# 29.01.2018 година до 05.02.2018 година од 11,00-15,00 часот

(преку шалтерите на студентската служба)

**Пријавувањето по електронски пат е задолжително за сите студенти и ќе биде достапно од 16.01.2018 до 05.02.2018 година.**

По овој рок online пријавувањето ќе биде **оневозможено** и студентите запишувањето на семестарот ќе можат да го извршат со казна во висина од **500** ден. **најдоцна до 28.02.2018 година.**

На шалтер нема да бидат примани некомплетни документи.

**Потребни документи за запишување на семестар:**

**1. ИНДЕКС**

**2. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТАР (А3)** со 50 ден. административна такса. (се запишуваат предметите кои се пријавуваат за слушање во летниот семестар во учебната 2017/2018 година).
(ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ ВИДИ СООПШТЕНИЕ)
Студентите кои плаќањето на административната такса го вршат преку мобилен телефон **задолжително** да ја валидираат уплатата во iKnow системот со внесување на кодот од СМС пораката во означениот простор (во полето запишани семестри-таксени), а во образецот за запишување семестар, задолжително се впишува кодот на соодветното место.

**3. ПРИЗНАНИЦА (ОБРАЗЕЦ ПП 50)**, во корист на Машински факултет на СМЕТКА 100000000063095, ЕДИНКА КОРИСНИК 1600104278 788 11, ПРИХОДНА ШИФРА 723012 41 и НАЧИН 2.

- студентите кои се запишани во државна квота (со надоместок за студирање во висина од 200 eur) треба да уплатат **6 150 ден.**, со цел на дознака - „втора рата од надоместокот за студирање"
- студентите кои се запишани со надоместок за кофинансирање на студиите (во висина од 400 eur), треба да уплатат **12 300 ден.**, со цел на дознака - „втора рата од надоместокот за кофинансирање на студиите"

Студентите се должни, во периодот од **16.01.2018 до 05.02.2018 година** да се најават на страницата на iknow системот, линк: http//www.iknow.ukim.edu.mk и по електронски пат да ги пријават предметите кои ќе ги слушаат во летниот семестар во учебната 2017/2018 год.

Студентите се должни да ги впишат во својот индекс насловите на пријавените предмети и бројот на (ектс) кредити за секој предмет поединечно (на страната каде ќе го запишат летниот семестар во учебната 2017/2018 год.).

- Задолжително да пополните анкета за квалитетот на наставата од зимскиот семестар, за да може успешно да запишете летен семестар.

http://mfanketi.finki.ukim.mk/Account/Index?ReturnUrl=%2F

- Подеталнатa процедура за запишување семестар со сите потребни документи може да ја најдете на линкот.

http://www.mf.edu.mk/mk/studentska-sluzba, секцијата Процедура за запишување семестар.

**За секое задоцнето запишување на семестар, студентите се должни да уплатат казна во висина од 500 денари , согласно одлуката бр.02-2331/1 од 16.09.2005 г. Донесена врз основа на ценовникот за висина на надоместоците што ги плаќаат студентите, (донесен од советот за развој и финансирање на високото образование).**

Скопје, 16.01.2018 година

Машински факултет - Скопје